РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12.1190/2
29 -06- 2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019),член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице, на 49-а седница, на продолжението на седницата одржана на ден 09 Јуни 2021 година, донесе:

**О д л у к а**

Пријавата за корупција бр. 12-1190/1 од 16.03.2021 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат поносител – физичко лице, ------------------------------, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност - нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-1190 од 2021 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-1190/1 од 16.03.2021 година.

Предметот со број 12-1190 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението - во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

**Образложение**

Предметот со број 12-1190 од 2021 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-1190/1 од 16.03.2021 година, доставена од познат поносител – физичко лице, ---------------------------.

Пријавата содржи наводи кои упатуваат на сомневања за злоупотреби од страна на претседателот на здружението на граѓани -----------------, лицето ---------- за кој се наведува дека се претставува како претставник на оштетените ------------------------------------------.

Имено, видно од содржината на пријавата и доставената придружна документација – копија од објава на социјалната мрежа Facebook лицата --------------------------------- се упатуваат на потпишување на договор и на пристапница кај точно посочена адвокатска канцеларија – --------------------- за што е предвиден надоместок – за состав на договор во износ од ---------------------, наспроти како што наведува подносителот правото сами да одберат адвокат кој што ќе ги застапува како оштетени.

Од содржината на пријавата, исто така, произлегува дека надоместокот за склучениот договор претседателот на Здружението ги прима ,,на рака,, и воедно по однос на ова подносителот изразува сомневање дека лицето претседател на посоченото Здружение остварува добивка од -------- Евра за секој, на ваков начин, склучен договор со оштетените ---------------------------.

Наспроти посочената состојба, подносителот се повикува на можноста од финансиските средства кои ги остварува Здружението да биде ангажиран авокат кој би ги застапувал оштетените ------------ врз основа на договор потпишан од секој од нив.

Адреса: ул.Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. PresvetaBogorodicanr.3, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По оценка на наводите од предметната пријава Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека во конкретниот случај, иако подносителот споменува потпишување на договори ,, на сила,, сепак се работи за слободна диспозиција на секој од ---------------------------- за тоа дали ќе склучи или не – договор со посочената адвокатска канцеларија.

Во делот на пријавата за исплатата на надоместокот за состав на договор од страна на адвокат, на рака на претседателот на Здружението ------------------------ и за добивката која ја остварува ова лице, според Државната комисија го упатува подносителот на пријавата, доколку постојат докази и сведоци - за истото да ги известат надлежните органи – Управата за јавни приходи и Адвокатската комора на Република Северна Македонија.

Во целина на случајот според Државната комисија за спречување на корупцијата пријавата не упатува на индиции и основи за сомневање за сторени кривични дела кои би претставувале основа за надлежно постапување на Државната комисија согласно со надлежностите утврдени со одредбата од член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, конкретно за евентуално поведување постапка за кривично гонење – за кривични дела кои се гонат по службена должност и/или покренување на иницијатива пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност, заради противправно остварување на корист, директно или преку посредник за себе или за друг од страна на службени лица - избрани и именувани лица кои вршат јавна функција.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 09 Јуни 2021 година**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

Доставено до
-Архива
-Подносителот